ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302-1009
21.03 2023 год.
СКОПЈЕ

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

**До: Сашко Мицевски**

**Предмет: Известување за извршена корекција по барање за демант и извинување**

Почитувани,

На 20.03.2023 година од страна на Сашко Мицевски до Транспаренси Интернешнл Македонија примен е Допис; Барање за објавување на демант, извинување и јавно повлекување.

Во горенаведениот допис доставена е во прилог дополнителна документација со која барателот ги демантира наводите изнесени од страна на Транспаренси Интернешнл Македонија за изработена и објавена „Анализа на постапка спроведена во Агенција за филм по основа на конкурс за финансирање на проекти за 2022 година“.

Транспаренси Интернешнл Македонија го известува следното:

Од причина што дополнително доставената документација од страна на барателот не претставува информација од јавен карактер, ниту била непосредно достапна на увид, вршиме корекција и повлекување на изготвената Анализа во делот во кој за лицето Сашко Мицевски извршил повлекување на поднесениот проект и тоа во делот на последните два пасуси на страна 5:

-Кај режисерот и член на Филмскиот Совет, Сашко Мицевски идентична ситуација постои со филмскиот проект „Сузе Национале“ во режија на Сашко Мицевски. Проектот е повлечен од причина што режисерот е член за Филмскиот совет истот така констатирано во Предлогот на филмскиот совет.

Станува збор за истиот Конкурс каде што подносителот на филмски проект е и член на Филмскиот совет кој има одлучувачка функција. Повторно ситуација која се коси со дадената изјава во која како назначен член на филмски совет ќе постапува согласно законските обврски без присуство на судир на интереси во своето работење.

Претпоследниот и последноиот пасус на страна 5 од спроведената анализа се менуваат и гласат:

Иако за „Филмскиот проект **„Сузе Национале“** во режија на **Сашко Мицевски** истиот на 09.12.2022 година поднел Изјава за изземање со која се иззема од одлучување. Тој останал да биде член на Филмскиот Совет, а поднесениот проект не е повлечен, што претставува повреда на членот 32 од Законот. Управниот одбор на бр.02-25/35 од 05.01.2023 година донел Одлука за одбивање на проектот поради постоење на судир на интереси од причина што режисерот е член за Филмскиот совет.“.

Во текстот на Одлуката на Управниот Одбор бр.02-25/35 од 05.01.2023 година за Одбивање на проектот на претпоследната страна во последниот пасус Управниот Одбор има наведено дека постои судир на интереси:

„Врз основа на член 21 став 1 алинеја 2 и член 30 став 1 од Законот за филмска дејност, Управниот одбор на предлог на директорот, а по претходно мислење на Советот, донесува одлуки за прифаќање или одбивање на филмските проекти по конкурсот од член 25 став 1 од Законот. **Согласно Мислење на Советот проектот не се прифаќа поради постоење на судир на интереси, односно член на филмски совет се јавува во својство на режисер. “**

На ваквата Одлука од страна на Управниот Одбор, претходат Мислењето на Филмскиот Совет и Предлогот на Директорот на Агенцијата за филм.

Во **Мислењето на Филмскиот Совет бр.02-1679/12 од 26.12.2022 година** во делот 4. Насловен како „Проекти кои не се прифаќаат од страна на Советот иако ги поминале сите фази од процесот на евалуација“, нотирано е следното:

Дебитантски долгометражни документарни филмови со мнозински македонски удел

1. „Сузе Национале“ во режија на Сашко Потер Мицевски, пријава доставена од ОХО Продукција ДООЕЛ со вкупен број на добиени бодови 201 (режисерот е член на филмскиот совет).

Понатаму, од **Предлогот на Директорот на Агенцијата за пректи кои не се прифаќаат, односно се одбиваат бр.02/1684/2 од 26.12.2022 година** е нотирано следното:

Во делот 3 насловен како Проекти кои не се прифаќаат од страна на Совет иако ги поминале сите фази од процесот на евалуација:

Дебитантски долгометражни документарни филмови со мнозински македонски удел

1. „Сузе Национале“ во режија на Сашко Потер Мицевски, пријава доставена од ОХО Продукција ДООЕЛ со вкупен број на добиени бодови 201 (режисерот е член на филмскиот совет).

Проектот бил поднесен и останал без да биде повлечен се до одлуката на Управниот одбор, односно *член 32 од Законот за филмска дејност насловен како „Судир на интереси“ гласи:* ***Директорот на Агенцијата, член на***

***Советот, Рецензентите, Советниците и другите надворешни соработници, Претседателот и членовите на Управниот Одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.***

**Исто така, во понатамошниот текст на анализата се повлекува делот каде што е споменато повлекување на проектот на горенаведениот барател.**

***Хронологија на настаните со повлечените проекти***

Индикативна информација, која можеби може да и се припише на случајноста е и поклопувањето на временската рамка со повлекувањето на проектите и моментот кога ТИ-Македонија се обрати до Агенцијата за флм и го истакна прашањето за судир на интереси за кое и претходно во јавноста – медиумите беше нагласувано. Односно, датумот од Мислењето на Филмскиот совет во кое е констатирано незјиното повлекување е после доставеното барање на ТИ-Македонија за пристап до информации од јавен карактер.

- Обраќањето на ТИ-Македонија е доставено на 22.12.2022 година,
- За проектот на Ана Опанчиќ и за проектот на Сашко Мицевски изготвени се и евалуации од финансиски советник на 20.12.2022, што значи постапката за проектите си течела се до моментот на поднесување на допис од наша страна
- Мислењето на Филмскиот совет со датум од 26.12.2022 констатирано е повлекувањето од филмскиот проект на Ана Опанчиќ и за проектот на Сашко Мицевски.

**Погорецитираниот дел се менува и гласи:**

***Хронологија на настаните со повлечените проекти***

Индикативна информација, која можеби може да и се припише на случајноста е и поклопувањето на временската рамка со повлекувањето на проектот и моментот кога ТИ-Македонија се обрати до Агенцијата за флм и го истакна прашањето за судир на интереси за кое и претходно во јавноста – медиумите беше нагласувано. Односно, датумот од Мислењето на Филмскиот совет во кое е констатирано незјиното повлекување е после доставеното барање на ТИ-Македонија за пристап до информации од јавен карактер.

- Обраќањето на ТИ-Македонија е доставено на 22.12.2022 година,
- За проектот на Ана Опанчиќ изготвени се и евалуации од финансиски советник на 20.12.2022, што остава сомнеж дека постапката за проектите си течела се до моментот на поднесување на допис од наша страна
- Мислењето на Филмскиот совет со датум од 26.12.2022 констатирано е повлекувањето од филмскиот проект на Ана Опанчиќ и судир на интереси кај Сашко Мицевски.

**Со оваа објава Транспаренси Интернешнл Македонија врши корекција и ги повлекува наводите изнесени на 14.03.2023 година за лицето Сашко Мицевски. Транспаренси Интернешнел Македонија изразува извинување за корегираните делови цитирани погоре во текстот.**

Во однос на наводите на барателот во доставениот допис до нас цитирам:

„Дополнително беа изнесени неточни и неосновани задклучоци и презентирани на јавноста како факти, особено тврдењето за наводно спречување на корупција и противзаконско однесување со самата најава за мониторинг во Агенцијата за филм од страна на Транспаренси Интернешнл, **кои неосновани заклучоци директно беа поврзани со моето име и апликацијата на конкурсот за мојот проект“**

...„која што директно ги оспорува сите тврдења и наводи за „корупција во тек“ до најавата за мониторинг на Транспаренси“

Во контекст на наведеното од страна на барателот, Транспаренси Интернешнл Македонија ги отфрла ваквите наводи и потенцира дека истите никогаш не биле изнесени во таков контекст како што е интерпретирано. Имено, од наша страна не се изнесени наводи исклучиво и со цел да се понижи личноста на друг или да се омаловажи нивниот чест и углед.

Транспаренси Интернешнл Македонија уште еднаш потенцира дека во ниту еден момент не излезе од границита на објективност во извршувањето на своите активности како и во конкретниот случај, нити од наша страна биле изнесени лаги, навреди и клеветнички изјави. Начинот на постапување и работа од страна на Транспаренси Интернешнл Македонија никогаш не била тенденциозна и насочена кон омаловажување и повреда на честа и угледот на било кого како што е наведено од страна на барателот на демантот.

ТИ-Македонија во ниту еден момент не посочи и не го доведе во прашање квалитетот и стручноста на било кое лице наведено во Анализата од областа на филмската индустрија. Дотолку повеќе што ТИ-Македонија дава поддршка и ги цени развојот на филмската индустрија во РСМ.

Скопје, 21.03.2023 година

Со почит,
Транспаренси Интернешнл- Македонија
Претседател,
Д-р Слаѓана Тасева